## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ШТЕТНИЦИ КАЈ ЗЕЛЕНЧУКОТ И МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА“ ОД ПРОФ. Д-Р ДУШАН СПАСОВ И Д-Р БИЛЈАНА АТАНАСОВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-58/2 од 129. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 13.3.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Весна Крстеска, редовен професор, Научен институт за тутун во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола;
- д-р Саша Митрев, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за подготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ШТЕТНИЦИ КАЈ ЗЕЛЕНЧУКОТ И МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА” од проф. д-р Душан Спасов и д-р Билјана Атанасова, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Ракописот „Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола” од проф. д-р Душан Спасов и д-р Билјана Атанасова е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Заштита во градинарството, кој се изучува како задолжителен предмет на прв циклус студии на Студиската програма Градинарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во четврта година, осми семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 2+2+1 и носи 6 кредити, вкупно 156 часа.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на учебно помагало во вид на учебник по предметот Заштита во градинарството е претставена во текст од вкупно 155 страници, со 79 слики и 1 табела.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за учебник и кореспондира со бројот на часови на предметот Заштита во градинарството за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник што обработува иста содржина на УГД досега не е објавен. Покрај актуелноста и посебниот пристап во обработката на содржините, учебникот со наслов „Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола” се одликува со висок степен на оригиналност. Темата е од исклучително значење, особено во современи услови, каде што е императив да се обезбеди широк спектар на информации за морфологијата, биологијата и екологијата на штетниците и нивната контрола при зеленчуковото производство. Имајќи го предвид фактот дека материјата од некои поглавја помалку или повеќе е застапена и во другите учебници од биолошките науки, како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентично дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик, а стручната терминологија е соодветна.

Податоците се од клучно значење да се произведува храна што е постојана, безбедна, здрава и посакувана за потрошувачите.

Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа:

Првиот дел – *Штетници на зеленчукот* дава краток вовед на штетниците на зеленчукот од различните класи.

Потоа авторот на учебникот направил осврт на најзначајните полифагни штетници кои имаат значење како за зеленчуковите култури, така и за целокупното растително производство.

Во следните поглавја детално се обработени штетниците на: компирот, зелковите култури, коренастиот зеленчук, луковичестиот зеленчук, мешункастиот зеленчук, плодовиот зеленчук, лиснатиот зеленчук и штетниците на зеленчукот во заштитени простори, со цел збогатување на знаењата на студентите, како во теоретски смисол, така и во практична примена.

Во претпоследното поглавје е даден краток осврт на интегралната заштита на растенијата и прикажани се економските прагови за некои штетници во зеленчуковото производство.

Последното поглавје дава краток опис на заштитата на зеленчукот во органското производство, со цел зачувување на човековото здравје и природната еколошка рамнотежа, а во исто време избегнувајќи го загадувањето на животната околина.

При изготвувањето на трудот е консултирана референтна и обемна литература од домашни и странски автори. Сознанијата од тие респективни трудови на оригинален и креативен начин се втемелени во основата на книгата, се разбира поткрепени и вкрстени со погледите на авторот. Цитираната литература е современа и дава целосна слика за обработуваната проблематика.

## З А К Л У Ч О К

Материјата обработена во ракописот за учебник со наслов „Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола" во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Заштита во градинарството, со фонт на часови 2+2+1 и носи 6 кредити, вкупно 156 часа, наменета за студентите на прв циклус студии, во 8 семестар на студиската програма Градинарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата овој учебник ги исполнува сите стандарди на учебник, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во совладувањето на овој предмет, како и на секој кој има желба да го прошири своето знаење во областа на Заштита на растенијата.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот „Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола" од проф. д-р Душан Спасов и д-р Билјана Атанасова да биде издаден како учебник за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Весна Крстеска, с.р.**
**Проф. д-р Саша Митрев, с.р.**